АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 27.03.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 1351/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 4 март 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 27 март 2025 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (идентификација на радиодифузер).
6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 март 2025 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.**

Спротивно на Законот и на Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, без импресум беа емитувани емисиите: „#21 Reportazhe” и „Për ditë të mbarë”.

На соодветно место, за секоја содржина од програмскиот сервис, радиодифузерот е должен да ги емитува податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на содржината: - *името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис; - името и презимето на одговорниот уредник на*

*редакцијата од која произлегува програмата; - името и презимето на уредникот / авторот / водителот на емисијата; - името и презимето на коавторите, односно севкупната ТВ-екипа со удел во целината на аудиовизуелното дело; - називот на субјектот што ја произвел програмата; - датумот на продукцијата.*

**4 март 2025 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** |
| „#21 Reportazhe” | 06:04:10 | 06:55:16 |
| „#21 Reportazhe” | 13:10:55 | 13:46:28 |
| „Për ditë të mbarë” | 09:04:51 | 10:57:44 |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на 4 март 2025 година, не ги објави податоците за импресумот во емисиите „#21 Reportazhe” и „Për ditë të mbarë”.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***